**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански** суд Скопје
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4,** Скопје
**02 3111 533 izvrsitel.vesna.delovska@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр.7722/2023**

Извршителот **Весна Деловска од Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993162028, ЕМБС 4627148 и седиште на бул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, засновано на извршната исправа Нотарски акт-Договор за залог Хипотека ОДУ бр. 429/2023 од 22.6.2023 на Нотар Иљхам Ислами, против **заложен должник ДГТУ Блеро-Фикс ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕДБ 4075013502468, ЕМБС 6851363 и седиште на ул.2 бр.7 Сарај, **заложен должник Ердуан Мисими** од Скопје со живеалиште на ул. 2 бр. 7 с.Ласкарци и **заложен должник АРТИНГ ДОО Скопје Друштво за проектирање,изградба и инжињеринг** од Скопје со ЕДБ 4030992212161, ЕМБС 4394976 и живеалиште на ул. Емин Дураку бр. 1А, за спроведување на извршување реализација на заложно право – хипотека на ден 02.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** трета повторена продажба со усно јавно наддавање на недвижноста сопственост на **заложниот должник ДГТУ Блеро-Фикс ДООЕЛ Скопје** запишана во **Имотен лист бр.112800 КО Кисела Вода 2 при АКН на РСМ** со следните ознаки:

**-КП 472, дел 8, адреса ул.Венијамин Мачуковски бр.5, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2-2, влез 1, кат ПР, број 2, нам.на посебен дел ДП, со површина 38м2;**
која се наоѓа во сопственост на заложен должник **ДГТУ Блеро-Фикс ДООЕЛ Скопје**;

**и недвижноста ( соодветен дел од земјиште под и околу зграда) запишана во имотен лист бр.49901 КО Кисела вода 2 при АКН на РСМ** со следните ознаки:
**-КП 472, дел 8, место викано Анастас Митрев, бр.на зграда 0, план 10, скица 58, кат култура ГЗ и ГИЗ, класа 0, со површина 1619.54м2;**
**-КП 472, дел 8, место викано Анастас Митрев, бр.на зграда 1, план 10, скица 58, кат култура ГЗ и ЗПЗ, класа 0, со површина 1146.64м2;**
која се наоѓа во заедничка сопственост на заложен должник **ДГТУ Блеро-Фикс ДООЕЛ Скопје**;

Продажбата ќе се одржи на ден **16.07.2026 година** во **11:00 часот** во просториите на Извршителот Весна Деловска.

Почетната вредност на недвижноста е утврдена со предлог за трета продажба на доверителот од 27.05.2025 година, изнесува **3.044.044,00 денари** на денот на продажбата, како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот Халк Банка АД Скопје, право на реален товар со налог за извршување врз недвижност чл.166 од ЗИ И.бр.7722/2023 од 18.12.2023 на Извршител Весна Деловска од Скопје, Налог за извршување врз недвижност чл.169 од ЗИ И.бр.1832/2024 од 08.11.2024 на Извршител Моника Муча од Скопје, Налог за извршување врз недвижност чл.169 од ЗИ И.бр.1146/2025 од 28.04.2025 на Извршител Благоја Каламатиев од Скопје, Налог за извршување врз недвижност чл.169 од ЗИ И.бр.1953/2025 од 02.05.2025 на Извршител Благоја Каламатиев од Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на сметка на извршителот со бр.250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број МК5080010500763, со назнака гаранција за И.бр.7722/2023, **најдоцна до 15.07.2026 година. Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање. Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето. Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората на извршители. Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**

Д.-на: Доверител
Заложен должник **ДГТУ Блеро-Фикс ДООЕЛ Скопје**,
Извршител Моника Муча од Скопје
Извршител Благоја Каламатиев од Скопје
Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување